# КОРУПЦИЈА, СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, ОДГОВОРНОСТ

# ПРИЈАВИ!

Никој не може да биде повикан на одговорност поради пријавување на корупција, судир на интереси, поднесување на барање за утврдување на одговорност на судија, односно, претседател на суд или поднесување на претставка.

1. **Пријави корупција или судир на интереси,**
2. **Поднеси барање за утврдување на оговорност на судија или претседател на суд**
3. **Поднеси претставка.**

## Корупција и судир на интереси

Коруптивните активности на вработени во судството и Судскиот совет се пријавуваат кај надлежното Основно јавно обвинителство, писмено или на записник. Пријавувањето е најефикасно пред да се случи предавање на користа.

Кога постои на судир на интереси, се бара изземање на лицето кое постапува со докази, а доколку постои сознание дека некој постапува во предмет кадешто мора да е изземен, може да се поднесе барање за утврдување на одговорност до Судскиот совет доколку е судија, а за друг учесник во постапката до судијата, односно претседателот на судот.

## Барање за утврдување на одговорност на судија, односно претседател на суд

Барањето може да се поднесе доколку судијата или претседателот на судот сторил дисциплинска повреда или нестручно и несовесно ја врши функцијата, **и тоа мора да содржи**:

- **Име и презиме на судијата/претседателот на судот и судот во кој ја врши судиската функција;**
- **Образложен опис на повредата, законски назив на истата и наведување на одредбите од Законот за судовите;**
- **Предлог докази кои треба да се изведат и истите да се достават;**
- **Податоци за подносителот на барањето, адреса и потпис.**

**Барањето се доставува** до Судскиот совет на РСМ, најдоцна во рок од 6 месеци од денот на дознавање на повредата, но не повеќе од 3 години од денот на сторување на повредата.

Барањето за утврдување на одговорност, се оценува од комисија на Судскиот совет на РСМ, дали е навремено, целосно и дали не е очигледно неосновано (член 63 од Законот за Судскиот совет на РСМ) и доколку не биде отфрлено, се утврдува одговорноста.

**Види:** Закон за судовите, член 73-79 Службен весник на РСМ бр.58/2006.....96/19 од 2019) и Закон за судски совет (Службен весник на РСМ бр.102/19)

## Претставка

Претставка се поднесува заради заштита и остварување на своите права и интереси или заштита на јавните интереси. **Претставката треба да содржи**:

- за кој судија или претседател на суд се однесува;
- за кој предмет се однесува(пример К бр.15/20 или П1 бр.34/21);
- кратко образложение за фактичката состојба и докази;
- име и презиме, адреса на живеење на подносителот и своерачен потпис (доколку се очекува одговор од Судскиот совет)

Претставката може да биде анонимна, но само ако наводите се од јавен интерес.

Судскиот совет не постапува по претставки кои имаат навредлива содржина.

Целта на претставката е надминување на определен проблем поради кој странката-подносителот не може да оствари определено право.

Претставките поднесени електронски, треба да содржат електронски потпис.

Доколку претставката се поднесува во име на друго лице, потребно е да се достави полномошно.

**<u>Види:</u>** Закон за постапување по претставки и предлози(Службен весник на РМ бр.87/08 , 13/2013 и193/15) и Правилник за начинот на постапување по претставките и предлозите ( Службен весник на РМ 2/2009).